**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 190/8**
**Скопје, 14. 07. 2009 година**

**ДО**

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕБАРЦА

### КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на општина Дебарца Сметка за донации (785) за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 и 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметка за донации за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Љупчо Којчиноски, Градоначалник на Општина Дебарца во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 22.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

________________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за донации на општина Дебарца на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Сметката за донации на општина Дебарца остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Скопје, 07.07. 2009 година

Овластен државен ревизор

**ОПШТИНА ДЕБАРЦА СМЕТКА ЗА ДОНАЦИИ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1 | 298 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **298** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 179 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **179** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **179** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **119** | **0** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ОПШТИНА ДЕБАРЦА СМЕТКА ЗА ДОНАЦИИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 119 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **119** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **119** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 119 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **119** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **119** | **0** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*